# ПАТУВАЊЕ низ ЅВЕЗДИТЕ



## ВОСХИТУВАЧКА АВАНТУРА

Водич низ Библијата

Кога во некоја ведра ѕвездена ноќ ќе погледнеш кон небото, знај дека некои од ѕвездите што ќе ги видиш, не се навистина ѕвезди. Тоа се, всушност, гигантски групи на ѕвезди кои се нарекуваат „галаксии“. Тие изгледаат мали, бидејќи се многу далеку. Ние живееме во една таква галаксија, наречена Млечен Пат. Нашето Сонце е ѕвезда - но тоа е само една од 100-те милјарди ѕвезди во нашата галаксија. Млечниот Пат е околу 100 000 светлосни години во пречник. Тоа значи дека, ако патуваш со брзина на светлината (300 000 километри во секунда!), ќе ти требаат 100 000 години за да ги прелеташ само ѕвездите во нашето соседство. Божјиот универзум е огромен!

Дали некогаш си се прашувал како би изгледало да се патува низ вселената?

Како би ти се допаднало да леташ над површината на Марс, возејќи цик-цак меѓу неговите големи кањони и кратери?

А, замисли да прелетуваш околу прстените на Сатурн, притоа избегнувајќи ги астероидите што ти надоаѓаат?

*или замисли да се тркаш со метеор!*

Но, дали некогаш си се запрашал што би видел во вселената, зад ѕвездите? Зар тоа не би била возбудлива авантура? Па, да знаеш дека тоа ќе биде можно!



Беспилотните вселенски летала „Војаџер“ ги истражија сите џиновски планети во нашиот сончев систем: Јупитер, Сатурн, Уран, Нептун и 48 од нивните месечини. Тие фотографираа масивни вулкани како еруптираат на една од месечините на Јупитер и направија неверојатни слики од прстените на Сатурн.

Во последните 30 години овие вселенски летала, исто така, ги поминаа сите планети во нашиот сончев систем патувајќи со брзина од 61 000 километри на час и испраќајќи информации назад на Земјата!

Денес, се разбира, никој не би можел да отиде на толку долго патување, но дали знаеш дека еден ден ти ќе можеш да одиш подалеку од кое било човечко вселенско летало? Така е! Ние дури ќе можеме да патуваме и подалеку од ѕвездите, и со свои очи да видиме што има таму. ***Дали би сакал да одиш?***



Библијата ни кажува за неверојатно патување низ ѕвездите што ќе започне кога Исус ќе дојде да нè поведе во неговиот град од злато! Да ги отвориме Библиите и да дознаеме повеќе за оваа неверојатна авантура. Но, ајде прво да упатиме молитва кон Бога и да побараме Тој да нè учи и да ни помогне да го разбереме неговиот Збор. Би можел да кажеш:

*„Драги Боже, те молам научи ме на вистината за Твоето доаѓање, и помогни ми да разберам како треба да се подготвам. Во Исусово име те молам. Амин.“*




## 1 Дали Исус навистина повторно ќе се врати на Земјата и ќе нè поведе меѓу ѕвездите на небото?

Одговор: Да! Непосредно пред да се врати на небото, Исус им кажал на апостолите: ***„Во Домот на мојот Татко има многу живеалишта… одам да ви приготвам место. И кога ќе отидам и ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам при себе, за да бидете и вие каде што сум и јас“ (Јован 14,2.3). „Ете, доаѓам скоро, и наградата моја е со мене“ (Откровение 22,12).***

Ауу! Имаме ветување, лично од Исус, дека тој повторно ќе дојде! Тој рекол: ви подготвувам место...

***„...за да бидете и ____ каде што Сум и ______.“***

*Можеш ли да си замислиш да живееш со Царот на вселената?*

*Дали знаеш колку навистина СУПЕР ќе биде тоа?*



Тој доаѓа да му донесе секому награда за неговите добри дела. И тоа каква награда! Што би можело да биде повозбудливо?! Ние ја имаме ***„надежта за вечен живот, што пред вечни времиња го вети Бог, кој не лаже“ (Тит 1,2).***



Кога Исус за првпат дошол на Земјата, дошол како малечко бебенце. Но, кога ќе дојде по вторпат, Тој ќе дојде како моќен Цар. Тој нема да дојде тивко, ниту незабележливо, туку со сите небесни ангели и со трубен глас.



## 2 Како ќе дојде Исус по втор пат, кога ќе дојде да нè земе?

Одговор: ***„И кога го рече тоа, се вознесе пред нивните очи** [пред апостолите]**, и еден облак го зеде од пред нивните погледи. И кога гледаа кон небото, додека Тој се вознесуваше, ете, двајца мажи во бела облека застанаа покрај нив и им рекоа: ‘Мажи, Галилејци, зошто стоите и гледате во небото? Овој Исус, кој од вас се вознесе во небото, ќе дојде така, како што го видовте да оди во небо’“ (Дела 1,9–11).***

**Дали Исус ќе дојде само како дух, односно како некое добро чувство?**

(заокружи го точниот одговор)

**ДА**

или

**НЕ**

**Површината на Нептун ги има најбрзите ветришта во Сончевиот систем, кои достигнуваат брзина од скоро 2 000 километри на час.**

**Брзи факти**

Исус ќе дојде како вистинска личност, во тело слично на она што го имал претходно. Не дозволи да бидеш измамен! Ако некој ти дојде и ти каже дека Исус веќе дошол, не му верувај! Кога Исус ќе дојде повторно, сите ќе знаат за тоа!



**Во квадратчињата има цветови, снегулки и ѕвезди. Обој ги само оние во кои има ѕвезда, и ќе дознаеш што ќе му кажеш на Исус кога Тој повторно ќе дојде.**





Одговор: ТЕ САКАМ

Дали некогаш си чекал некого да се врати дома по долго патување? Јован чекаше. Татко му отпатува на деловно патување кое траеше долго, и многу му недостасуваше на Јован. Секој ден тој ја прашуваше мајка си, кога ќе се врати татко му дома. Тогаш, конечно еден ден, мајка му рече: „Јован, татко ти денес се враќа дома, време е да одиме да го пречекаме на аеродромот“. О колку беше возбуден Јован - тато конечно си доаѓа дома! Тој едноставно не можеше да дочека.



На аеродромот, Јован се обидуваше да го здогледа татко му меѓу луѓето кои излегуваа од авионот. Имаше многу народ, па тој почна да се сомнева да не пропуштил да го види. Но, одеднаш го здогледа. „Гледај мамо, гледај!“ - извика Јован. „Ене го тато!“ Детето потрча кон татка си и скокна во неговата прегратка. Се чувствуваше толку убаво што конечно пак се заедно.

Слично ќе се чувствуваме и ние кога Исус ќе дојде по втор пат.

***Јас едвај чекам, а ти?***

**Исус рече дека ќе подготви едно посебно место за нас (Јован 14,3) и дека ќе нè одведе таму кога ќе дојде повторно. Но, постои и едно место кое ние треба да го подготвиме за Исус, денес. Пронајди ги синонимите, а потоа земи ја првата буква од секој од нив за да го дознаеш тоа специјално место.**

Радост е синоним за → ___Ќ_

Мудрост е синоним за → Р____

Алово е синоним за → _Р____

Заедништво е синоним за → Е______О



**Одговор:** СРЕЌА, РАДОСТ, ЦРВЕНО, ЕДИНСТВО = СРЦЕ

## 3 Дали кога ќе дојде Исус ќе можеме да го видиме, или Тој ќе пристигне тајно?



Одговор: *„И така, ако ви речат: 'Ене го во пустината!'- не излегувајте! 'Ене го во една од внатрешните соби!'- не верувајте. Зашто, како што молњата излегува од исток и светка до запад, така ќе биде и доаѓањето на Човечкиот Син“ (Матеј 24,26.27).*

… ќе Го види секое око.

*„Еве, доаѓа со облаците и ќе го види секое око“ (Откровение 1,7).*

Библијата вели дека ќе го видиме Исуса како доаѓа повторно... каков ли ден ќе биде тоа! Можеби можеш да спиеш додека има грмотевици, но сигурно нема да можеш да спиеш при второто Христово доаѓање. Исус нема да дојде некаде тајно, па да мора да одиме во потрага по Него. Неговото доаѓање ќе биде светло како блесок на _______________.

### Брзи факти

**Густината на планетата Сатурн е толку мала што, кога би можел да ја ставиш во огромна чаша со вода, таа би ПЛОВЕЛА во неа!**

## 4 Кој ќе биде со Исус при неговото доаѓање?

Одговор: *„Кога Човечкиот Син ќе дојде во својата слава и сите ангели со него, тогаш ќе седне на престолот на својата слава“ (Матеј 25,31).*

*„И Тој ќе ги испрати своите ангели со силен глас на труба и ќе ги соберат неговите избраници од четирите ветра, од едниот крај на небото до другиот“ (Матеј 24,31).*

**Кој ќе дојде со Исус?**

*„Сите* __________________.“

Тогаш Исус ќе ги испрати ангелите за да ги соберат неговите верни деца од сите краишта на Земјата. Без разлика каде живееш, ако го љубиш, Бог никогаш нема да те остави.

Но, почекај - станува уште подобро! *„Мртвите во Христа ќе воскреснат прво. Потоа ние живите... ќе бидеме грабнати заедно со нив на облаците, во воздух, во пресрет на Господа.“ (1. Солуњаните 4,16.17).*



### Брзи факти

Дали знаеш дека на Јупитер огромните бури се вообичаени? Неговата најпозната бура „Големата црвена дамка“ беснее уште пред векови, кога телескопите за прв пат биле насочени кон таа планета.



Тоа беше најтажниот ден во животот на Марија. Таа плачеше и плачеше. Баба ѝ се разболе, но и покрај тоа што лекарите сторија сè што можеа за да ѝ помогнат, состојбата сè повеќе ѝ се влошуваше, и таа почина.

Таа ноќ, откако заспа уморна од плачење, Марија сони сон. Во сонот таа стоеше крај гробот на баба си, кога одеднаш блесна силна светлина. Таа погледна нагоре и го виде Исус како доаѓа на облаците со сите свои ангели!

Потоа слушна силен звук на труба, гробот се отвори и баба ВОСКРЕСНА! Марија се разбуди од својот сон. И покрај нејзината тага, таа сега има надеж и копнее по Исусовото второ доаѓање.

**Додека беше жива, баба со нетрпение го очекуваше Исусовото доаѓање, бидејќи таа знаеше дека тогаш ќе може да ги фрли очилата и бастунот. Еве еден стих од Библијата кој таа често го цитираше. Но, внимавај, реченицата е напишана наназад. Напиши ја правилно!**

**“овилдапсарен ов ечелбо ес ад отовилдапсар аво аберт.”**

“______ ____ ______________ __ __ ___________ ___ _________________.”

(1. Коринќаните 15,53)

Библијата учи за прекрасната вест дека, кога Исус ќе дојде, мртвите во Христа ќе воскреснат. Но, што е со живите? Што ќе се случи со нив?

Библијата кажува: ***„Сите ќе се измениме, во еден миг, во миг на окото... имено трубата ќе затруби и мртвите ќе воскреснат нераспадливи, а ние ќе се измениме... смртното да се облече во бесмртност“ (1. Коринќаните 15,51–53).***

Знаеш, сега само Бог има бесмртност - тоа е способност никогаш да не се остари или умре. Но, кога ќе дојде Исус, сите што ќе одат на небо ќе доживеат промена, во еден миг, како трепкање на окото. Ауу! Замисли, ќе добиеш целосно ново тело, што никогаш нема да се разболи ниту да остари. На небото повеќе нема да има смрт, тага или болка.



Една од најстарите луѓе во Русија, Варвара Семеникова, почина на 9-ти Март, 2008 година, на 117-годишна возраст. За само два месеца, таа ќе наполнеше 118! Круз Хернандез, најдолговечниот човек на модерното време, живеел во Ел Салвадор и тоа речиси цели 128 години. Но, замисли си како би било никогаш да не се остари ниту да се умре!



**Одговор:** „Треба ова распадливото да се облече во нераспадливо.“

## 5 Дали сите ќе одат на небо кога Исус ќе дојде?

Одговор: За жал, не! Грешниците, кои не го сакаат Исус, нема да сакаат ни да го видат, а камоли да живеат со него. Библијата вели дека тие ќе им речат ***„на горите и на карпите: 'Паднете врз нас и скријте нè од лицето на Оној, кој седи на престолот'" (Откровение 6,16). „Со здивот од устата ќе го убие безбожникот" (Исаија 11,4).*** Кога Исус ќе дојде, сите лоши луѓе на Земјата ќе бидат уништени.

Исус ќе биде тажен поради тоа што тие одбиле да го сакаат и да живеат со него, бидејќи Тој ги љуби и сака да се спасат... но тие си избраа друг господар.

## 6 Кои се некои од знаците на Исусовото доаѓање?

Добро прашање! Исусовите апостоли сакаа да го дознаат истото. ***„Кога седеше пак на Маслиновата Гора, Неговите ученици дојдоа при него насамо и му рекоа: … 'кој е знакот на твоето доаѓање и на свршетокот на векот?'" (Матеј 24,3).***

Одговор: Еве некои работи кои Исус рече дека ќе се случат пред Тој повторно да дојде:

А. Лажни пророци: ***„Мнозина ќе дојдат во мое име, говорејќи: 'Јас сум Христос,' и ќе заблудат мнозина" (Матеј 24,5). "Ќе се јават многу лажни пророци и ќе заблудат мнозина" (Матеј 24,11).***



*Може да очекуваме да видиме многу лажни пророци*

Не можеш секогаш да веруваш на она што го гледаш со очите. Библијата ни кажува дека, пред Исус да дојде, можеме да очекуваме да видиме многу лажни пророци. Некои дури ќе прават чуда и ќе изјавуваат дека се Исус, но ако нивните постапки или зборови не се согласуваат со Библијата, држи се понастрана од нив! (Прочитај Исаија 8,20 и 2. Коринќаните 11,14.15.) Благодарение на Исус и неговиот Збор, не мораме да бидеме измамени.

Б. Војни и катастрофи на Земјата: ***„Ќе чуете за војни и гласови за војни… ќе има глад, и помор, и земјотреси на разни места" (Матеј 24,6.7)***.

Претпоставуваме дека си чул за нападот на кулите Близначки во Њујорк и за различни војни. Исто така, слушаме за земјотреси и глад. Исус рече дека тие појави ќе стануваат сè почести пред Тој да дојде. Овие настани се порака за нас да се подготвиме - Исус доаѓа наскоро!

**В. Знаењето ќе се умножи:** *„А ти, Даниеле, сокриј ги овие зборови и запечати ја оваа книга до последното време; мнозина ќе ја прочитаат и знаењето ќе се умножи“ (Даниел 12,4).*

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Т | И | Б | О | П | Ц | Д | В | Л | С | А | Е | Љ | И | Ц | Е | Х |
| А | Р | У | Ф | Р | И | Ж | И | Д | Е | Р | У | Р | Ј | Е | И | Е |
| А | С | И | Ц | О | М | Б | У | К | Е | Р | С | Е | О | Н | Д | Л |
| Р | П | А | Н | В | О | С | Б | О | Њ | П | О | Ф | Т | Т | А | И |
| А | Н | П | Т | М | И | Т | М | М | Р | Л | П | Е | Д | Е | Н | К |
| К | Х | Х | О | Е | Д | Б | М | П | Л | А | Р | И | Е | Л | З | О |
| Е | А | Т | О | М | А | Р | Н | Ј | С | Н | Р | Г | К | Е | Ц | П |
| Т | В | А | Ц | Ф | Р | Л | Н | У | Е | Р | А | Е | Е | В | Ф | Т |
| А | И | Р | К | Ф | О | Х | И | Т | И | С | Д | Р | В | И | Р | Е |
| М | О | Б | И | Л | Е | Н | Т | Е | Л | Е | Ф | О | Н | З | И | Р |
| Л | Н | О | Т | Т | О | Б | О | Р | Е | С | О | Т | Г | И | У | Н |
| Е | С | П | О | Д | М | О | Р | Н | И | Ц | А | О | Н | Ј | Д | Е |
| С | А | Х | Ц | Е | Л | И | Н | Г | Т | Н | Њ | Р | М | А | О | С |

Заокружи ги најпознатите пронајдоци од 1900-та година наваму.

БОНУС:
Пронајди уште неколку скриени зборови.

**МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН**
**ТЕЛЕВИЗИЈА**
**КОМПЈУТЕР**
**АВТОМОБИЛ**
**ИНТЕРНЕТ**
**АВИОН**
**РАКЕТА**
**ПОДМОРНИЦА**
**ФРИЖИДЕР**

Ти живееш во *восхитувачко* време! Многу од твоите пра-прадедовци паметат свет во кој немало радио, телевизија, интернет, ниту авиони и интернационални вселенски станици. Само во последниот век, знаењето се умножи повеќе отколку во целата забележана човечка историја претходно!



## Брзи факти

**Во 20-от век имало 10 пати повеќе земјотреси со по 1000 или повеќе жртви, отколку во кој било друг век. А 70% од најсмртоносните катастрофи се случиле по 1800-та година.**



Г. Проповедање на Евангелието: ***„И ова Евангелие за Царството ќе биде проповедано по целиот свет… и тогаш ќе дојде свршетокот“ (Матеј 24,14).*** Скоро 95% од светот сега може да дознае за Евангелието, ако сака. Преку радио, телевизија, сателити, ДВД-ја, интернет, печатени материјали и патувачки мисионери, пораката за спасението е упатена кон целиот свет. Исус доаѓа наскоро! Бог сака на секој поединец во светот да му даде можност да дознае дека Тој го сака и дека има дар за него - спасение преку Исус. Тој ***„не сака некој да пропадне, туку сите да дојдат до покајание“ (2. Петрово 3,9).***

## Брзи факти

**Марс е дом на најголемиот познат вулкан во Сончевиот систем, кој се вика Олимпус Монс. Висок е 25,7 километри (скоро два пати колку Монт Еверест) и покрива површина 4,5 пати поголема од Македонија!**

## Брзи факти

**Кога Сонцето одеднаш би престанало да свети, би биле потребни осум минути за луѓето на Земјата да станат свесни за тоа.**

Д. Себичност: ***„Во последните денови… луѓето ќе бидат саможиви, среброљупци, … повеќе сластољубиви, а не богољубиви“ (2. Тимотеј 3,1.2.4).*** Дали си сретнал некого кој сака сѐ да биде по негово, и никако поинаку? Многу луѓе мислат само за себе. Тие ги сакаат своите пари, забава и видео-игрите многу повеќе од Бога. Библијата кажува дека таа себичност е знак дека живееме... *Во кое време?*

… Во __________________ денови пред Исус да дојде!




**Ѓ. Луѓе со студени срца - без љубов:** Библијата кажува: ***„И заради многу беззаконија, љубовта ќе олади кај мнозина“ (Матеј 24,12).*** Исто така, луѓето ќе бидат ***„непокорни на родителите, неблагодарни, ... без природна љубов, непомирливи, ... невоздржани, жестоки“ (2. Тимотеј 3,2.3).*** Семејствата ја губат својата љубов и се распаѓаат. Криминалот е во пораст. Луѓето се исплашени. Слушаме за луѓе, па дури и деца, кои пукаат на други луѓе и убиваат. Тие не се грижат дали го прекршуваат законот, непослушни се на своите родители.

Исус рекол дека сево ова ќе се случува пред Тој повторно да дојде. Тој не сака да го поминуваме времето со луѓе кои имаат студени срца, бидејќи не сака да потпаднеме под нивно влијание. Тој вели: ***„отстранувај се од нив!“ (стих 5).*** Исто така, Исус кажува: ***„така и вие, кога ќе го видите сето тоа, знајте дека** [Неговото доаѓање] **е близу, пред вратата“ (Матеј 24,33).***

Замисли дека твојот наставник доаѓа кај тебе дома да те посети. Но, ти знаеш дека прво треба да ја средиш својата соба за да го пречекаш. Ако до твојот дом води долга, прегледна улица, тогаш можеби ќе можеш да го видиш оддалеку и пред време да знаеш дека тој наскоро ќе заѕвони. Но, што ни вели Исус, колку далеку е неговото доаѓање кога ќе видиме дека се случуваат сите овие нешта за кои читавме? Пред врата! А кога некој ни е пред врата, предоцна е да се подготвуваме! Тогаш е време да му отвориме да влезе, зар не?

Исус вели: ***„А за оној ден и час, никој не знае, ни небесните ангели, а само мојот Татко“ (Матеј 24,36).*** Никој не може да го знае точниот ден на Исусовото доаѓање, но ние можеме да препознаеме дека е близу.

***Дали си подготвен за Исусовото доаѓање?***

**Знаците на Исусовото второ доаѓање се наброени во овие коцкички. Некои букви се веќе напишани. Можеш да пишуваш нагоре, надолу или косо.**

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| З | | М | Ј | | Т | | | С | И | | | | И | |
| | | | | | | | | | | | | Н | | А |
| | С | | | | | | | | | | Ј | | | Ж |
| | Е | | | | | З | | | | О | | | | |
| | | | | | | | Н | | | | | | | |
| | И | | Г | | А | Д | | | | | | | | |
| | Ч | | | | | | З | | Е | | | | | Р |
| | | | | | | И | | | | Њ | | | | О |
| | О | | | | | | | | | | | | | Р |
| | С | | | О | | | | | | | | | | |
| | | | С | | | | | | | | | | | Ц |
| | | | | | | | | | | | | | | И |
| | Л | А | Ж | | | | | И | С | | О | С | И | |
| Г | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | К | А | | А | | | | | Ф | И |

**Одговор:** гласови за војни, лажни пророци, лажни Христоси, земјотреси, знаење, себичност, глад, катастрофи

# Како можам да бидам подготвен кога Исус ќе дојде?

Одговор: Исус кажува: ***„Еве, стојам на вратата и чукам; ако некој го чуе мојот глас и ја отвори вратата, ќе влезам при него“ (Откровение 3,20). „А на сите кои го примија, им даде власт да станат Божји деца, на оние кои веруваат во неговото име“ (Јован 1,12).***

Исус сака да го прифатиш. Тој чука на вратата на твоето срце, и вели: „Ако ми дозволиш, јас ќе дојдам во твоето срце, ќе ги променам твоите мисли и ќе те направам мое дете“. Зар тоа не звучи супер - син или ќерка на Бог? Не син или ќерка на цар или претседател, туку син или ќерка на Царот на универзумот!?

Библијата вели: ***„Ако ги исповедаме своите гревови, Тој е верен и праведен: да ни ги прости гревовите и да нè очисти од секоја неправда“ (1. Јованово 1,9).*** Исус ќе ти го прости твојот минат живот во грев и ќе ти помогне да ***„одиш, како што одеше Тој“ (1. Јованово 2,6).*** Како што ќе се трудиш да живееш според Исусовиот пример, ќе станува сè посличен на него и ќе бидеш подготвен кога Тој ќе дојде.

Еве една малечка молитвена стихотворба. Допиши ги зборовите што недостасуваат и прочитај му ја молитвата на Исус. Употреби ги овие зборови:

славопој   празна   успокои   радост   второ   крај

Во твојот Збор прочитав стих: „Еве, ќе дојдам скоро!“
и се уплашив јас од доаѓањето Твое ___________

Но, ветувањето за љубовта Твоја цврсто стои,
таа мисла драга ме ослободи и ___________

Слободен од гревот и негова казна
слободен ќе бидам в тој час од суета _________

Ако го примиш Исус за Спасител свој, знај,
ќе живееш во присуство Божје без ___________

Моето срце е таму, кај тебе, Исусе мој,
кај ангели безбројни Ти пеат ___________

Нема веќе тага, страв ниту жалост,
настапи среќа, спокој и неминлива ___________



# Дали веруваш дека Исус доаѓа скоро и дали сакаш да бидеш подготвен кога Тој ќе дојде?

________

## Дали сакаш и ти да патуваш низ ѕвездите кон Исусовото царство? ________

## Сакаш ли да ја отвориш вратата на твоето срце и да го поканиш да влезе?_______




# Како можам да се подготвам за Исусовото доаѓање?



А) Продолжи да ***„гледаш во Исус“ (Евреите 12,2).*** Читај за Исусовата љубов во Библијата секој ден, и ќе го сакаш со цело срце!

Б) Моли се на Исус. Зборувај со него како со пријател. Тој те разбира и ќе ти помогне.

В) Донеси одлука да го правиш она што го усреќува Бога: биди им послушен на своите родители, држи се понастрана од лошите работи. Исус ти го дава своето оружје и сила за да се бориш против сатаната, змејот. ***„И така, покорете му се на Бога; а противите се на ѓаволот и ќе побегне од вас. Приближете се кон Бога, и Тој ќе се приближи кон вас“ (Јаков 4,7.8).*** Исус ќе биде секогаш со тебе, кога ќе го побараш тоа од него.

Г) Сподели го со другите тоа што го дозна.

***Дали уживаше во оваа лекција?*** Се надеваме дека е така!
Провери го сега своето знаење со **КВИЗ ПРАШАЊАТА.**



# Квиз прашања

Прочитај ја лекцијата пред да одговориш на прашањата. Внимавај, некои прашања имаат повеќе точни одговори. Бројот на точни одговори за секое прашање е означен со црвена боја.

**1. Како ќе дојде Исус повторно? (3)**

- ○ а) со вселенски брод
- ○ б) на облаци, со ангелите
- ○ в) како дух или сениште
- ○ г) како личност, како што беше претходно
- ○ д) во авион
- ○ ѓ) тајно
- ○ г) со сите свои ангели

**2. Што ќе се случи кога Исус ќе дојде? (4)**

- ○ а) ќе биде тивко и темно
- ○ б) Тој гласно ќе затруби со својата труба
- ○ в) Тој ќе извика и мртвите ќе воскреснат
- ○ г) небото ќе биде без облаци
- ○ д) камбани ќе ѕвонат и групи ќе свират
- ○ ѓ) сите ќе Го видат
- ○ е) ние ќе добиеме бесмртни тела

**3. Зошто доаѓа Исус? (4)**

- ○ а) за да нè направи добри
- ○ б) за да нè одведе на Небото
- ○ в) за да нè однесе да живееме на Јупитер
- ○ г) за да ги воскресне праведните мртви
- ○ д) за да поучува и проповеда на Земјата
- ○ ѓ) за да ги награди тие што му се послушни и го љубат
- ○ г) за да стави крај на гревот и страдањата

**4. Кои се некои од знаците на Исусовото скоро доаѓање? (5)**

- ○ а) отровни змии ќе ги касаат луѓето
- ○ б) многу војни
- ○ в) луѓето ќе станат престапници и ќе бидат студени, без љубов
- ○ г) многу луѓе ќе одат на Хаваи
- ○ д) лажни пророци
- ○ ѓ) победи на лотарија
- ○ г) гладување и катастрофи
- ○ ж) луѓето ќе ги сакаат задоволствата повеќе од Бога

**5. Што ќе се случи со грешниците кога Исус ќе дојде? (2)**

- ○ а) ќе се обратат (ќе станат добри)
- ○ б) ќе бидат уништени
- ○ в) ќе им викаат на карпите: „паднете врз нас!“
- ○ г) ќе продолжат да живеат на Земјата
- ○ д) ќе ја обноват Вавилонската кула

# Твои коментари:

## 6. Кои нови работи ги откри во оваа лекција?

______________________________

______________________________

______________________________

## 7. Дали сакаш да се подготвиш за Исусовото доаѓање? ______

**Одговори:**

1. Како ќе дојде Исус повторно?
   **б)** на облаци, со ангелите
   **г)** како личност, како што беше претходно
   **г)** со сите Свои ангели

2. Што ќе се случи кога Исус ќе дојде?
   **б)** Тој гласно ќе затруби со својата труба
   **в)** Тој ќе извика и мртвите ќе воскреснат
   **ѓ)** сите ќе Го видат
   **е)** ние ќе добиеме бесмртни тела

3. Зошто доаѓа Исус?
   **б)** за да нѐ одведе на Небото
   **г)** за да ги воскресне праведните мртви
   **ѓ)** за да ги награди тие што Му се послушни и Го љубат
   **г)** за да стави крај на гревот и страдањата

4. Кои се некои од знаците на Исусовото скоро доаѓање?
   **б)** многу војни
   **в)** луѓето ќе станат престапници и ќе бидат студени, без љубов
   **д)** лажни пророци
   **г)** гладување и катастрофи
   **ж)** луѓето ќе ги сакаат задоволствата повеќе од Бога

5. Што ќе се случи со грешните кога Исус ќе дојде?
   **б)** ќе бидат уништени
   **в)** ќе им викаат на карпите: „паднете врз нас!“

Твоето име и презиме ______

Твојата адреса ______

Одобрение од родител / старател ______ ______

*име и презиме* *потпис*

ВОСХИТУВАЧКИ ФАКТИ

Откако ќе ги одговориш сите прашања, исечи го листов и испрати го на нашата адреса:

**Дописна библиска школа, Поштенски фах 215, 1001 Скопје**

и очекувај ја следната лекција!